Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

ВЛАДИН АГЕНТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА ВЛАДИНИОТ АГЕНТ И АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТИТЕ И ПОСТАПКИТЕ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА 2010 ГОДИНА

Скопје, мај 2011

1.ОПШТИ НАПОМЕНИ

Република Македонија ја ратификуваше Европската Конвенција за човекови права и основни слободи (понатаму: ЕКЧП) на 10 април 1997 година. Првите жалби против државата, поднесувани од страна на македонските граѓани и странски државјани, започнаа да пристигнуваат кон крајот на 1999 година.

Од ратификација на ЕКЧП во Република Македонија, а заклучно со **31.12.2010** година, Владиниот агент на Република Македонија, постапувал по вкупно **308** жалби по поднесени жалби до Европскиот суд за човекови права (понатаму: ЕСЧП/Судот), за наводни повреди на правата и слободите предвидени во ЕКЧП од страна на Република Македонија. Од нив **96** предмети се пристигнати во 2010 година.

Графикон 1. Прилив на предмети



Од споменатите **308** предмети, заклучно со 31.12.2010 година **250** се завршени, а во постапка пред ЕСЧП останаа активни 58 предмети.

Притоа во текот на 2010-тата година пристигнаа вкупно **72 одлуки за завршување на активните предмети против државата пред ЕСЧП** од кои:

- 15 пресуди,
- 33 одлуки за пријателско решавање на предметите,
- 16 еднострани декларации, и
- 8 одлуки за недопуштеност на жалбите.

Бројот од 58 предмети кои биле или сеуште се во постапка пред ЕСЧП, заклучно со 31.12.2010 година, е релативен, од аспект на вкупниот и прецизен број на поднесени жалби против Република Македонија пред овој суд[1].
Статистичките податоци на Европскиот суд по однос на приливот на предметите против Република Македонија покажува дека од 1999 година па заклучно со 31/12/2010 година пред ЕСЧП биле поднесени **2.805 предмети, од кои што 1.575 биле отфрлени како недопуштени или тргнати од листата на нерешени предмети по други основи или критериуми за допуштеност на жалбите.**

Следува табеларен преглед за приливот на поднесените жалби против Република Македонија.

Табела 1–Годишен прилив на жалби поднесени пред ЕСЧП против Република Македонија

година	новоподнесени жалби	нови жалби распоредени пред определено тело за одлучување
1999	31	
2000	41	
2001	59	
2002	95	
2003	148	
2004	148	
2005	238	229
2006	384	295
2007		453
2008		395
2009		489
2010		422

Видно од табела 1, започнувајќи од 2007 година, за да се добие целосна и прецизна слика за неговата работа, Судот оценил дека во т.н. претходна/прелиминарна постапка, значаен дел од поднесените жалби отпаѓаат од разгледување од различни, пред и се, процесно-формални причини. Статистиката за работата на Судот се води во поглед на **жалбите кои се веќе распоредени пред одредено тело за одлучување**[2], во рамките на организацијата на судот.

[1] Ова се должи на следниве причини: **Прво**, Европскиот суд за човекови права го известува Владиниот Агент само за предметите по однос на поднесените жалби за кои судот оценил дека се допуштени; **Второ**, Сознанија за предметите против Република Македонија, Владиниот агент ги добива во моментот кога Европскиот суд за човекови права, откако претходно ќе оцени дека жалбата е допуштена, истата ја доставува до Владиниот агент на Република Македонија, со барање Владата на Република Македонија да се произнесе по однос на прифатливоста и основаноста на жалбата. Овој факт претпоставува дека Владиниот агент, кој работи според процедурите на Европскиот суд, не може да располага со вкупниот и прецизен број на жалби кои се во тек пред Европскиот суд во периодот на поднесување на овој извештај, а кои потенцијално можат да бидат искомуницирани до Владата.

[2] Доколку жалбата не е веднаш административно одбиена, се распоредува во еден од петте оддели на Судот, од каде жалбите се доделуваат на одлучување на Комитет (во состав од 3 судии), Совет (во состав од 5 судии) или

Оттука, за 2010 година биле распоредени нови **422 жалби** против Република Македонија до одредено тело за одлучување во рамките на Судот, а пред телото надлежно за Република Македонија заклучно со 31.12.2010 во работа имало вкупно **1.029 предмети**

Според Владиниот агент, бројката од 1.575 жалби, кои од 1998 заклучно со 31.12.2010, се оценети за недопуштени укажува на прогресот на бројот на жалби пред Европскиот суд, но и на сеуште недоволната свест и/или потребно правничко знаење за исполнување на критериумите за допуштеност на жалбите пред ЕСЧП.

2.СОСТОЈБИ ВО ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

2.1. Број и прилив на предмети

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) е соочен со зголемен број на жалби на граѓаните на Европа, кој расте од година во година. Започнувајќи од 1998 година, кога стапи на сила Протоколот 11 со кој се промени системот на Конвенцијата и пристапот до ЕСЧП, настапи висок наплив на предмети.
Имено, ако од 1999 до 2001 година, односно за три години пред ЕСЧП имало 32,700 предмети, вкупната бројка заклучно со 2010 година достигнала 367.099 предмети[3].

Бројката на активните предмети до 31/12/2010 година изнесува 139.650 предмети, што е за 6,8% зголемување во однос на претходната година.

Графикон 2- Преглед на активни предмети пред ЕСЧП по години



на судија-поединец, последното, согласно реформата на Судот и стапувањето на силан на Протоколот 14 (1.06.2010)

[3] Во смисла на вкупно поднесени жалби до Судот и оформени судски предмети.

Соочен со постојаниот рапиден прогрес на бројот на жалбите, ЕСЧП во соработка со надлежните институции и тела на Советот на Европа (понатаму: СоЕ), во последниве 15 години откако е формиран новиот ЕСЧП[4], превзема мерки за реформа на Судот, и тоа, како преку измени и дополнувања на Конвенцијата, така и од аспект на измени во деловникот на Судот и процесните упатства кон деловникот.
Во 2010 година, со стапувањето во сила на Протоколот 14, се овозможи сериозна реформа на Судот. Протоколот и кој цели пет години беше ратификуван од сите земји на СоЕ освен од Русија. Кон крајот на 2009, Русија конечно го ратификуваше Протоколот, истиот стапи на сила на 1 јуни 2010. Главна цел беше да се зголеми капацитетот на Судот преку формирање на мали судски формации, кои ќе помогнат во разрешувањето на предметите кои имаат висока правна итност и важност

Имено се востанови организационен облик на судија-поединец кој одлучува за допуштеност на поднесените жалби, и чија одлука за недопуштеност е конечна. Едновремено се овозможи Комитети од тројца судии, да одлучуваат во полна јурисдикција , односно да донесуваат пресуди во предмети за кои веќе постои добро воспоставената судска пракса на ЕСЧП и тие пресуди веднаш стануваат конечни, без право на жалба.
.
Сепак, и покрај преземените активности за зголемување на ефикасноста на ЕСЧП, вкупниот број на жалби/предмети кои се во постапка пред ЕСЧП, повторно доживеа пораст (119.300-2009) и заклучно со 31 декември 2010 година достигна ***139.650***.

2.2 Кратка информација за постапувањето на Петтиот судски оддел во кој потпаѓа Република Македонија

Петтиот судски оддел е организациониот облик на Судот кој ги разгледуваше предметите против Република Македонија. Одделот во 2010 година одржал 40 седници на судскиот совет, и била одржана само една јавна расправа.
Во рамки на одделот биле донесени 250 пресуди во поглед на 268 жалби, како и 53 одлуки од неговите комитети во поглед на 63 жалители.
Притоа 338 жалби кои биле тргнати од листата на нерешни предмети, се одлучени врз основа на пријателска спогодба или еднострана декларација.. Од останатите жалби кои биле испитувани од страна на судскиот совет, 157 биле огласени за недопуштени и 1.732 биле тргнати од листата на нерешени предмети.

[4] Ноември 1998, со стапувањето во сила на Протоколот број 11 се зајакна правото на индивидуална жалба и се конституира сосем нов ЕСЧП како постојан суд кој одлучува во целиот тек на постапката, а Комисијата за човекови права престана да постои ,

2.025 жалби биле доставени на одговор до односните држави и на крајот од 2010, 8.010 жалби сеуште небиле решени пред одделот.
Во одделот, судија-поединец огласил недопуштени или тргнати од листата на нерешни предмети, 22.260 жалби во 2010. На крајот од извештајниот период, вкупно 88.407 жалби се нерешени пред судија-поединец.

2.3. Анализа на бројноста на предметите по земји-членки

Од вкупниот број на жалби во ЕСЧП распоредени пред определен орган на одлучување, 29% се насочени против Русија, околу 11% против Турција, по 7% отпаѓаат на Украина, Романија 9%, Италија 7%, Србија и Молдавија по 3%, Словенија и Бугарија по 2% на жалби распоредени пред определен орган на одлучување. Процентот Република Македонија не е поединечно претставен туку тој е кумулиран во рамки на преостанатите 37 држави, кои претставуваат 22% од вкупен број на жалби..

Графикон 3 -Состојба на предмети кои се во тек пред ЕСЧП по земји-членки заклучно со 31/12/2010



2.5. Пресуди на ЕСЧП со кои се констатирани повреди на ЕКЧП

Европскиот суд за човекови права **во текот на 2010 донел 1499 пресуди** по однос на сите земји членки на Советот на Европа, со исклучок на Андора, Данска, Монако и Сан Марино.
Притоа, **во 1282 односно 86% од пресудите ЕСЧП констатирал повреди** на правата загарантирани со Конвенцијата (вкучувајќи и само една повреда), а само во 107, или 14% од пресудите не констатирал повреда на правата предвидени во ЕКЧП.

И понатаму како и досега **доминираат пресудите кои констатираат повреди** на различни аспекти од членот 6 кој го гарантира правичното судење со повеќето аспекти од истиот, особено аспектот **на судење во разумен рок.**

Во текот на 2010 година, ЕСЧП во најголем број пресуди 804, или 62%, констатирал повреда на правото на фер судење, од членот 6 на Конвенцијата. Притоа, во 461 пресуда, (35% од сите пресуди со повреди, или 57 % од повредите на членот 6,) утврдил повреда на правото на судење во разумен рок, во 254 (20% од сите пресуди со повреди, или 32 % од повредите на членот 6) на другите аспекти на правичното судење и 89 (6,9% од сите пресуди со повреди, или 11 % од повредите на членот 6) за неизвршување на домашни одлуки.

Потоа следуваат правото на слобода и безбедност од член 5 со 315 пресуди (25%); забраната за тортура и нечовечко однесување од членот 3 на Конвенцијата со 304 (24%) пресуди[5]; 199 (15.5%) за правото на мирно уживање на сопственоста од член 1 на Протоколот 1; и 189 (14,7%)за правото на ефикасен домашен правен лек од членот 13.

2.6. Реформа на системот на Конвенцијата и на Европскиот суд за човекови права во правец на зголемување на ефикасноста на работата на Судот

Соочени со огромниот број на индивидуални жалби пред Европскиот суд за човекови права, кој предизвикува сериозна штета на ефективноста и кредибилитетот на Конвенцијата и нејзиниот надзорен механизам, и претставува закана за квалитетот и конзистентноста на праксата и за авторитетот на Судот, Европскиот суд и Комитетот на Министри при Советот на Европа, преземаа сериозни и опсежни мерки за подобрувањето на системот за ефективна заштита на човековите права и во подобрувањето во функционирањето на Европскиот суд за човекови права. Така во Февруари 2010 година во рамки на Швајцарското претседателство со Комитеот на Министри, во Интерлакен се усвои Декларација од сите 47 земји членки на Советот, како силен израз на заедничката политичка волја и силна посветеност на државите за подобро функционирање на Судот, како основен механизам за заштита на Конвенцијата за заштита на човековите права и основите слободи. Декларацијата од Интерлакен и Акциски план одредија конкретни мерки кои е потребно е да се преземат на неколку нивоа – на национално ниво, на ниво на Комитетот на министри, како и од страна на самиот Суд, со цел да се постигнат посакуваните подобрувања и приспособувања од кои, најмногу полза ќе имаат европските граѓани.

Конференцијата во Интерлакен меѓу другото ја истакна потребата од зајакнување на принципот на субсидијарност што ја претставува основата на која е изграден

[5] Вклучувајќи го и аспектот на недостаток на ефикасна истрага при основани сомненија за тортура од членот 5 од ЕКЧП.

контролниот механизам на ЕКЧП. Декларацијата од Интерлакен и Акциониот план усвоени на оваа Конференција, потврдија дека националните органи – владите, судовите и парламентите мора да имаат фундаментална улога во гарантирањето и заштитата на човековите права на национално ниво, заради што ги повика државите-членки особено да се посветат на:

- продолжување на јакнењето на свеста на националните власти, онаму каде е соодветно во соработка со своите национални институции за човековите права или други релевантни тела, за стандардите на Конвенцијата и обезбедување нивна примена
- целосно извршување на пресудите на Судот осигурувајќи дека потребните мерки се преземени со цел да се превенираат идни слични повреди,
-.земање во предвид на праксата на Судот која постојано се развива, исто така со цел да се разгледуваат заклучоците од пресудите кои утврдуваат повреда на Конвенцијата од страна на друга држава, каде во принцип постои истиот проблем во рамките на нивниот правен систем,
- земање во предвид на можноста на отстапување на национални судии и, онаму каде тоа е соодветно, други независни правници со високо ниво, на Секретаријатот на Судот

Ова претпоставува преземање на серија мерки во секоја од државите членки и информирање за преземеното до ноември 2011 година кога ќе се следи прогресот на имплементацијата за секоја држзава поединечно.

3. АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТИТЕ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО КОИ ПОСТАПУВАЛ ЕСЧП

3.1. Анализа според засегнати процедурални области

Анализирајќи ја структурата на предметите против Република Македонија, кои се комуницирани до Владата на Република Македонија изминатите 13 години (1997-2010), односно вкупно **308** жалби, од аспект на процедуралните области кои биле предмет на испитување за наводна повреда на ЕКЧП, укажуваат на тоа дека најголеми забелешки жалителите имаат заради текот на граѓанските постапки особено на парничните постапки во домашниот правен систем, меѓутоа значителен број укажува и на жалбени наводи по однос на кривичните постапки.

Следува графички приказ на засеганатите процедурални области.

Графикон 4



Видно од податоците прикажани во графиконот е дека парничните предмети биле актуелизирани во 71% од комуницираните предмети. По нив во бројноста следуваат кривични предмети, каде кривичната постапка се појавила како спорна во 15% од комуницираните случаи, па извршните предмети и управните предмети со 8% учество . Досега само во еден случај е актуелизирана постапка пред ЕСЧП во врска со спорен прекршочен предмет, како и еден вонпарничен предмет.

Истоветната структура останува и по однос на предметите кои сеуште се во работа пред ЕСЧП, односно за кои Судот ќе одлучува во текот на 2010 година. И натаму најбројни се парничните предмети. **Она што е многу значајно да се напомене е фактот дека сите овие предмети, се однесуваат за постапки пред домашните судови водени според старите законски решенија, односно пред имплементацијата на реформата во правосудството која се спроведува започнувајќи од 2005 година и која сеуште е во тек.** Тоа значи дека сеуште нема постапки пред ЕСЧП по однос на новите законски решенија, за валоризација на целокупната реформа која се спроведува во Република Македонија изминатиот период.

Воедно продолжи комуникација на предмети во кои жалителите се жалат на немање на воедначена судска пракса во Република Македонија, заради што Владиниот агент беше приморан да укажува дека во Република Македонија судската пракса не е извор на право. Забележани се прашањата за воедначена пракса во примената на законите во рамки на едно исто апелационо подрачје, или пак во рамки на еден ист суд. Тоа укажува на системски проблем во рамките на една држава, но за крајни заклучоци ќе се сочека одлуката на ЕСЧП.

3.2 Анализа на комуницираните предмети од ЕСЧП по однос на Република Македонија во текот на 2010 година

Во текот на 2010 година, Европскиот суд за човекови права до Владата на РМ комуницираше 96 предмети. Притоа 76 предмети беа доставени со над 200 жалители кои се жалеа на повреда на правото на судење во разумен рок, а за предмети кои со години биле во постапка пред домашните судови, и за кои ЕСЧП со досегашната судска пракса против Република Македонија, се констатирани како неразумни влијаат врз должината на постапката и претставуваат одговорност на државата. Сите беа решени по пат на пријателски спогодби или пак со изјавување на едностана декларација.
Преостанатите пак 20 предмети се однесуваат на сериозни аспекти на Конвенцијата, од кои 4 се од кривичната сфера, 14 од парничната сфера, еден управен предмет и еден од сферата на сукцесија на СФРЈ во делот на стара девизна заштеда (Алишиќ против 5 Републики наследнички на СФРЈ). Приказ на овие предмети е даден во Анекс 4 кон овој Извештај.
Во текот на 2010 година во пакет од 12 предмети, повторно е актуелизиран проблемот на немање на воедначена судска пракса во однос на исплата на надоместоци од плата, во рамки на исто аплеационо подрачје, за која се очекува ЕСЧП да се произнесе во текот на 2011 година. Доколку се констатира повреда на правото на правично судење од член 6 став 1 од Конвенцијата, како потребно можеби ќе се наметне менувањето на процесната законска регулатива.

Во 2010 година пристигнаа уште неколку сериозни предмети. Особено сериозни се: предметот на ЕЛ-Масри по основ на членовите 3, 5, 8 и 13, во кој се актуелизира случајот на наводното нелегално лишување од слобода на Ел Масри од страна на македонските власти во 2004 година, и неговото предавање на странки служби; Предметот Селами & Деари во кој повторно се актуелизира проблемот со немање на ефикасна истрага по однос на предмети во кои како резултат на полициски или армиски дејствија има смртни последици на две лица.

3.3 Анализа на одлуките донесени од ЕСЧП по однос на Република Македонија

Во текот на 2010 година Европскиот суд продолжи со својата зголемена ефикасност по однос на одлучување на предметите против Република Македонија и донесе пресуди или **одлуки по 72 предм**ети против Република Македонија, со што вкупниот број на завршени предмети заклучно со 31.12 2010 година изнесува 235 предмети.

Бројот на одлучени предмети во 2010 година е зголемен за 66% во однос на решените предмети во 2009 година кога беа завршени 48 предмети, како и со 2008 кога беа завршени 57 предмети

Како завршени предмети, за потребите на овој Извештај и преглед на работата на Владиниот агент и Секторот за поддршка на Владиниот агент се сметаат предметите кои се затворени со одлука на ЕСЧП (пресуда, конечна одлука за недопуштеност, пријателска спогодба или било кој друг вид на одлука со која предметот се симнува од листата на предмети на Судот), од вкупниот број на предмети комуницирани до Владиниот агент, односно Владата на Република Македонија.

Од вкупно пресудените 72 предмети, 15 се пресуди на Судот, а останатите се одлуки. Притоа со **14 пресуди констатирани се повреди на правата** загарантирани со ЕКЧП, додека со 1 пресуда е тргнат предметот од листата на нерешени предмети пред Судот.
Од **донесените 57 одлуки на ЕСЧП,** со пријателски спогодби се завршени 33 предмети, 16 предмети завршиле со унилатерална декларација, а 8 предмети се прогласени за недопуштени или отфрлени.

Графикон 5



Сумирајќи ги одлуките на ЕСЧП донесени по однос на Република Македонија сметано од 1998 година заклучно со 31/12/2010 година, состојбата е следна:
- 78 пресуди (75 со повреда и 3 без повреда),
- 86 одлуки за пријателска спогодба,
- 32 одлуки со еднострана декларација на РМ (признавање на повреда), и
- 39 одлука за недопуштеност на жалбата или отфрлање на жалбата.

Графикон 6



Од вака прикажаните податоци јасно е дека 33% од предметите завршиле со утврдени повреди на правата од Конвенцијата, или пак со одлуки на судот во кои се констатирало пријателско спогодување со странките (а во недостаток на аргументација за одбрана на државата). Со признание на државата дека правата биле повредени (еднострани декларации завршиле 13% од предметите).

Во продолжение следува графички приказ на донесените пресуди на ЕСЧП, со констатирани повреди започнувајќи од 2005 година..

Графикон 7

Детален приказ на констатираните повреди на членовите од Конвенцијата од страна на РМ, во текот на 2010, за кои ЕСЧП донесе 14 соодветни пресуди е прикажан во Анекс 1 кон овој Извештај

За сите донесени пресуди и одлуки, Владата на РМ е уредно и тековно известена со Информации на Владиниот агент во текот на 2010 година

Анализирајќи ги пресудите на ЕСЧП од детално прикажани во табелата од Анекс 1 кон овој извешатј, сосем е јасно дека доминираат пресудите кои се однесуваат на повреди на правото за правично судење, претежно на судењето во разумен рок, односно 10. Притоа 6 од пресудите исклучиво се однесуваат на повреда на барањето за судење во разумен рок, додека во преостанатите 4 пресуди покрај повредата на разумниот рок, констатирани се: повреда на аспектот на еднаквост на оружјата(1), пристап до судска пракса (1), отфрлање на наводите за неможноста на жалителот да се користи со јазикот кој го разбира во предметната кривична постапка(1) и отфрлање на наводите заради непостојаност на домашната судска пракса(1).
Исто така, во 2010 година, може да се увиди дека се зголеми бројот на повреди и на други членови, особено на членот 5 од ЕКЧП. Имено во два предмети кои се однесува на притворските предмети, а кои беа иницирани од голема група на жалители (39 лица), констатирани се повреди заради начинот на одредување на притворот, односно невпуштање во поединечна оценка на причините за одредување на притворот, односно неценење на личните прилики за притворените лица, недоволно образложени решенија за одредување и продолжување на притворите, како и неискористување на другите мерки за обезбедување присуство на обвинетите на судење, како поповолни за поединците.

Во продолжение следува графички приказ на сите донесени пресуди против Република Македонија, сметано од 1999 заклучно со 2010 година, од аспект на правата чии повреди се констатирани:

Графикон 8



Од приказот погоре, може да се забележи дека **правичното судење од членот 6 на ЕКЧП со 50 пресуди претставува големо мнозинство од вкупните решени предмети.**

При тоа во **61% од пресудите доминира аспектот на правото на судење во разумен рок**, на што се надоврзуваат дополнителните 16% од останатите аспекти на правото на правично судење од член 6 .

На нив се надоврзуваат 5-те пресуди (6%) од случаите со повреда на правото на слобода и безбедност, потоа 4-те пресуди, односно 5% во кои е констатирана неефикасна истрага во случаите на наводна тортура од страна на полицијата;и стоветно со правото на ефикасен домашен правен лек од членот 13, и правото на сопственост од членот 1 на Протоколот бр. 1., и единствениот случај на повреда на правото на здружување од член 11 на Конвенцијата.

Ако на понапред наведените предмети завршени со пресуда(50)со кои е констатирана повреда на правото за правично судење, од членот 6 на Конвенцијата, се додаде бројката на предмети кои се решени со пријателски спогодби и еднострани декларации (118), вкупниот број на одлуки кои се однесуваат на постапувања во неразумни рокови, достигнува 168 предмети или 71,5% од сите одлуки ,

3.4. Спогодбено решени предмети и унилатерални декларации

3.4.1. Пријателски спогодби

Во 2010 година бројот на предмети против РМ кои завршија со пријателска спогодба согласно можностите што ги дава ЕКЧП[6] изнесува 33, што останува во границите на предметите решени на овој начин во 2008 и 2009 година.

Важно е да се спомене дека како и низ изминатите години така и во 2010 година, ЕСЧП е оној кој ја иницираше постапката за спогодбено решавање на предметите. Имено, судот на двете засегнати страни во случајот уште на самиот почеток на постапката за предметите кои се однесуваа на повреда на правото на судење во разумен рок, излезе со понуди за пријателско спогодување. Притоа со потпишувањето на изјавата, страните се обврзуваат : а)Владата дека ќе ја исплати наведената парична сума на жалителот на име пријателска спогодба, б) жалителот дека од своја страна ќе се откаже од било какви барања кон Република Македонија по однос на било кои факти - предмет на жалбата, и прифаќа дека ваквата спогодба претставува конечно решавање на спорот.
ЕСЧП покрај тоа што ја иницираше постапката за разрешување на предметите на овој начин, едновремено ја утврдуваше и предлог сумата за спогодбата која се движеше во рамки од 1260 до 4460 Евра по жалител. Бројноста на жалителите пред ЕСЧП (178 лица) кои ја спореа бавноста на домашните судски постапки, и со кои е постигната пријателска спогодба, доведе до тоа да по овој основ буџетот на РМ биде оптоварен за 570.582 Евра кои се исплаќаа сукцесивно (во зависност од датумот на донесената одлука на ЕСЧП) како во 2010 така и во првиот квартал на 2011 година.

Детален преглед на сите предмети решени на овој начин е прикажан во Анекс 2 кон овој Извештај.

Само еден предмет кој заврши со пријателска спогодба во 2010 година, не се однесува на правото на судење во разумен рок, туку на ефикасна истрага по однос на повреда на правото на живот (Член 2 од Конвенцијата) а по однос на предметот на Суља, при што спогодбата со посредство на ЕСЧП се склучи на износ на 30.000 Евра.

---

[6] **Член 38-Разгледување на предметот и постапка за пријателско порамнување**
1. Кога Судот ќе прогласи некое барање за допуштено, тој:
а. .....
б. ќе се стави на располагање на заинтересираните страни со цел да се обезбеди пријателско израмнување, базирано врз респектот за човековите права, како што е дефиниран со Конвенцијата и протоколите.
2. Постапката спроведена согласно ставот 1.б ќе биде доверлива.
Член 39-Постигнато пријателско порамнување
„Кога пријателското порамнување е постигнато, Судот ќе го избрише предметото од својот список, преку донесување на одлука .....“.

Според анализите на Секторот за поддршка на Владиниот агент, утврдените суми соодветствуваат на компаративната практика во досегашните пресуди кои се однесуваат на Република Македонија, каде во основа се земаат во предвид времетраењето на постапувањето пред домашните судови, сложеноста на случајот и засегнатиот интерес на жалителот во предметната постапка.

Тргнувајќи од нагорниот тренд во користењето на пријателското спогодување за разрешување на предметите против РМ пред ЕСЧП, важно е да се потенцира дека општиот аргумент кој оди во полза на ваквиот начин на разрешување на предметите е дека, конечната одлука на судот, во овие случаи, е одлука со која предметот се симнува од листата на предмети на судот, при што не се констатира повреда на правата од Конвенцијата од страна на државата. Ова особено во ситуации, каде се работи за повеќегодишни постапувања од страна на националните судови, или за постапувања каде предметот е неколкукратно враќан од страна на повисоките судови, без истите мериторно да одлучат, или во случаи кога судовите очигледно неосновано ја оддолжувале постапката[7].

3.4.2 Еднострани декларации

Во случаите во кои жалителите ја одбиле предлог-пријателската спогодба Владиниот агент, користејќи ја претходно востановената пракса на Европскиот суд, по пат на еднострана декларација, во име на Владата ја признава повредата на правото на судење во разумен рок, и понудува одредена сума како компензација за жалителот. Оттука, ценејќи дека повеќе не постојат причини да се продолжи со жалбата, а врз основа на член 37 став 1 точка в од Европската конвенција, Владата му предлага на судот да го одбие понатамошното разгледување на жалбите.
При изјавувањето на овој вид на декларации, износот на претходно понуденатасума за пријателската спогодба(а врз основа на овластување на Владата) се намалува за 30%, ценејќи дека тоа е нужно со оглед на признанието за сторената повреда на правата на жалителот, кое се изјавува од страна на Владата. Износите изјавени по овој основ се движат од 490 до 5800 Евра по предмет.

Како што понапред е истакнато бројот на предмети завршени со унилатерални декларации во 2010 година изнесува 16 предмети, е на ниво на 2008 година(11) , а има пораст компариран со 2009 година(5). Со тоа вкупната бројка на комуницирани предмети завршени со унилатерална декларација до 31/12/2010 година се искачи на 32.
Детален преглед на сите предмети решени на овој начин во 2010 година е прикажан во Анекс 3 кон овој Извештај

[7] За сите предмети со ваква иницијатива од страна на Судот, Владиниот агент по извршените анализи на судските постапки од жалбите, редовно ја известуваше Владата, едновремено изнесувајќи ги своите аргументи во правец на прифаќањето на ваквите спогодби. Освен спецификите кои се карактеристични од случај во случај, а за кои Агентот исто така се произнесуваше

4. АНАЛИЗА НА ДОСУДЕНИТЕ ПРАВИЧНИ НАДОМЕСТИ ОД СТРАНА НА ЕСЧП ПО ОДНОС НА РМ

Перцепцијата на македонските граѓани за Европскиот суд како за четврта инстанца е особено видлива во делот на побарувањето за правична отштета, кое жалителите го истакнуваат со самото поднесување на жалба пред Европскиот суд, или пак во засебните барања за материјална и/или нематеријална штета, како и трошоци во постапката.

Во најголем дел од случаите жалителите од Европскиот суд бараат да пресуди како финансиска отштета износ кој соодветствува на сумите за кои тие сметаат дека им биле ускратени во текот на постапката пред домашните судови, односно имотните барања предјавени во домашните постапки.

Сепак, Европскиот суд никогаш не се впушта во преоценка на мериторноста на одлуките на органи/судови, туку секогаш се задржува само на утврдување на фактот: **дали во постапките е повредено одредено право согласно одредбите на Конвенцијата.** Оттука, евентуалната сума што судот ќе ја одреди како надомест за правична отштета, секогаш ќе се однесува на правичен надомест заради повредување на правата на жалителите од Конвенцијата, а не за нивна отштета како исходот од домашните постапки.

Впрочем, и согласно праксата на Европскиот суд, целта на институтот правична отштета, така како што е дефиниран и разработен според членот 41 од Конвенцијата[8], *не е збогатување на жалителите кои ќе го добијат спорот против државата, туку неговата улога е да ги направи стандардите во областа на човековите права јавни и обврзувачки. Со други зборови, овие стандарди не се неизбежно и исклучиво врзани со лукративниот аспект од жалбата пред Европскиот суд – напротив, овој рестриктивен пристап супстанциелно ги намалува истите. Практично, целта на механизмот на Европската конвенција е субсидијарен, односно правата е потребно да бидат првенствено заштитени во домашниот правен систем.*

Во прилог на овие констатации е и компарацијата на бараната и досудената отшета во предметите за кои Европскиот суд со пресуда констатираше повреда на Конвенцијата во 2010 година, прикажани во Анексите 1, 2 и 3 кои се однесуваат на донесените Пресуди, Одлуките за постигнување на пријателска спогодба и едностана декларација во 2010 година.

---

[8] Кога Судот ќе оцени дека постои повреда на Конвенцијата или на протоколите, и доколку внатрешното право на засегнатата Висока договорна страна овозможува само делумна репарација на штетата, тогаш доколку е тоа неопходно, Судот ќе му додели правична отштета на оштетениот.

Износот со кој беше оптеретен Буџетот на РМ во 2010 година изнесува 638.025 Евра, од кој што најголемиот дел (625.760 Евра) или 98 % е заради судењето во неразумен рок.

Следува табеларен приказ на целокупниот одлив на средства по основ на одлуки и пресуди на ЕСЧП од моментот на задолжувања за државата да исплаќа парични надомести- 2002 година, заклучно со 2010 година.

Табела 3- Исплатени средства по Одлуки и Пресуди на ЕСЧП

Години	2002	2003-2005	2006	2007	2008	2009	2010	Вкупно
Износи во Евра								
Судење во разумен рок- одлуки (вклучувајќи една одлука за повреда на член 2-правото на живот во 2010)	77000	0	14500	15870	150040	96226	608800	**962436**
ПРЕСУДИ за разумен рок и др. права од Конвенцијата	0		0	14396	22635	23370	29225	**89626**
Вкупно	77.000	0	14.500	30.266	172.675	119.596	638.025	1.052.062

Анализирајќи ги податоците прикажани во табелата и графиконот, видно е дека Република Македонија за 2010, по основ на пресуди и одлуки на ЕСЧП, имала обврска да исплати изнесува 638.025 Евра на име правична отштета.

Од оваа сума 594.560 Евра отпаѓаат на надомест на штета заради судење во неразумен рок, при што врз основа на одлуки 578.800 Евра, и врз основа на пресуди 15.760 Евра.

Притоа од износот на пријателските спогодби прикажан во Табела 3 понапред се иземаат, 30.000 Евра за спогодбата која беше склучена заради повреда на правото на живот од член 2- немање на ефикасна истрага и по 11 години од критичниот настан, како и пресудите кои се однесуваат на др. повреди освен разумен рок).

Остатокот од 13.465 Евра претставува надомест на штета, која државата треба да ја исплати по основ на констатирани повреди со пресуди на ЕСЧП за другите права загарантирани со Конвенцијата.

5. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД

5.1. Следење на извршувањето-поим и надлежен орган

По донесувањето на одлуките и стекнувањето на статусот за правосилност[9] на пресудите започнува да тече обврската на државата за извршување на истите. Обврската на државата за извршување на одлуките на Судот произлегува од членот 46 од Конвенцијата за човекови права[10].

Во таа смисла, значајно е да се потсети дека за Европскиот суд, а особено за Комитетот на Министри на Советот на Европа, како политичко тело кое врши детална супервизија на начинот на кој државите – договорните страни ги извршуваат пресудите на Европскиот суд, предмет пред овој суд се смета за завршен во моментот кога Комитетот ќе донесе *конечна резолуција* со која констатира дека одговорната држава ги исполнила своите обврски согласно членот 46[11] од Конвенцијата, истовремено одлучува да го затвори следењето на извршувањето на односниот предмет.

Процесот на извршување подразбира преземање на низа поединечни[12] и општи мерки[13] заради отстранување на повредата и последиците кои настанале од истата, како и на причините што довеле до поднесување на жалба пред Судот и соодветно спречување исти или слични повреди во иднина.

---

[9] Стекнувањето на овој статус е регулирано со членот 44 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи. Пресудата станува правосилна кога странките ќе изјават дека нема да бараат нивниот предмет да биде разгледан пред Големиот судски совет, три месеци по денот на донесување на пресудата доколку не се барало предметот да биде разгледан од Голем судски совет, или пак доколку Големиот судски совет го одбие барањето за рагледување.

[10] Високите договорни страни се обврзуваат дека ќе се придржуваат кон конечните пресуди на Судот, во сите предмети во кои тие се страни на спорот. Правосилната пресуда на Судот ќе се достави до Советот на Министри, кој го надгледува нејзиното извршување.

[11] Член 46 - Обврзувачка сила и извршливост на пресудите

1. Високите договорни страни се обврзуваат дека ќе се придржуваат кон конечните пресуди на Судот
во сите предмети во кои тие се страни на спорот.

2. Правосилната пресуда на Судот ќе се достави до Советот на Министрите, кој ќе го надгледува нејзиното извршување

[12] **<u>Поединечните мерки</u>** може да се групираат во две подгрупи: *фискални* - односно исплата на парични средства, доколку такви се досудени и *поединечни правни мерки,* што подразбира можност на жалителот во рамки на домашниот правен систем да ја исправи неправдата која била основ за поднесување на жалбата пред Европскиот суд (тоа најчесто значи можност за повторување или обновување на постапките пред домашните судови).

[13] **<u>Општите мерки</u>** пак неопходно е да се преземат во случаите кога Европскиот суд констатира системски проблеми во законодавството или практиките во државата, или пак со серија пресуди констатира иста или слична повреда на одредени права загарантирани со Конвенцијата од страна на државата. Овие мерки се преземаат со цел за отстранување на евентуалните системски пречки, за кои се смета дека генерираат повреди на правата на граѓаните загарантирани со Конвенцијата. По однос на Република Македонија, со неколку пресуди на Судот се констатираат системски проблеми кои доведуваат до повреда на правото од членот 6 став 1 од Конвенцијата, со посебен акцент на правото на судење во разумен рок.

Правосилните пресуди на Судот се доставуваат до Комитетот на министри, кој го надгледува процесот на нејзиното извршување, односно конкретните мерки кои државата ги преземала во правец на извршување на пресудите на ЕСЧП. Комитетот на министри одржува сесии четири пати во годината, посветени исклучиво на контрола врз извршувањето на пресудите на ЕСЧП од страна на државите-членки.
За преземените дејствија во правец на извршување на пресудите, Комитетот на министри при Советот на Европа(СЕ), го известува Министерството за надворешни работи на Република Македонија, во претходна соработка и комуникација со Владиниот агент кој доставува податоци за преземените дејствија во правец на извршување.

5.2. Состојби со извршувањето на одлуките

Ценејќи ја состојбата со извршувањето на пресудите на ЕСЧП во 2010а година, Комитетот на Министри по однос на Република Македонија ги презентирал следните податоци:

- Во текот на 2009 година во процесот на мониторирање на извршувањето влегле **нови 36 предмети**, со што вкупниот број на предмети кои се во процес на мониторирање достигна **72 предмети.**

- Во текот на 2010 година не е усвоена **финална резоуција за затворање** предмети заради што вкупната бројка на затворени случаи[14] е непроменета од онаа прикажаната во извешатјот за 2009 година,однсно само 6 предмети.

- Од 72-та **предмети кои се во фаза на мониторинг** огромно мнозинство предмети,57 или 80% се повторувачки предмети кои се однесуваат на констатирани повреди на разумниот рок на постапување, а останатите 20% се битни предмети.Тука и натаму се предмети каде има констатирано повреда на правото на ефикасна истрага во предмети за тортура од страна на полицијата[15], предметот Радко каде има констатирано повреда на правото на здружување од член 11 на Конвенцијата[16]., но и предметите на Лазороски и на Василковски (кај нас познат како „Змијско Око„) каде Судот констатираше повреда на членот 5 од Конвенцијата спрема 37 лица,

[14] Во 2008-та беа усвоени 4 финални резолуции
[15] Јашар(2007), Сулејманов(2008), Џеладинов(2008), Трајковски(2008)- кои веќе 2 години чекаат за извршување
[16] За овој предмет Владата е детално информирана во текот на март 2009 година, а стана правосилен април 2009. Од тогаш наваму Стразбур врши страшен протисок за извршување на пресудата во делот на регистрација на здружението на граѓани. Предметот е во работа пред Управниот суд во управен спор

а заради необразложениот притвор кој траел со месеци за време на кривичната постапка пред Основниот суд Скопје 1.

- И во текот на 2010-та забележано е пробивање на роковите за исплата правичните надомести утврдени од страна на Судот и тоа во 50 % од пресудите се исплатени во рок, додека остатокот се исплатени по тримесечниот рок, кој претежно е под 6 месеци. Спорна останува обврската на државата за исплата на камата заради доцнењето во исплатата. Тука веќе има проблем со пресметката на каматата, бидејќи не се знае точниот ден на кој ке се изврши исплатата, па не е можно финасии однапред во одлуката за исплата да ја предвиди и таа обврска.

- Статистиката укажува на тоа дека со пресудите на ЕСЧП спрема Република Македонија во просек се досудувал правичен надомест од 9.000 Евра. што е трикратно повисок износ од 2009. Просекот на досудените средства и натаму е многу понизок од оној на Словенија (102.000) иБосна (62.000),но е повисок од Хрватска(1000) и Србија(2.000).

- Статистиката на Соевтот на Европа укажува дека од водечките 15 предмети, 9 од нив чекаат на извршување помалку од 2 години, но останатите 6 се во процес на извршување повеќе од 2,5 години.

5.3. Проблеми во сферата на извршување

Вака прикажаните состојби во главата 5.2. укажуваат на кумулирање на проблемите во сферата на извршување на пресудите на ЕСЧП, на кои е укажувано во изминатите извештаи, и тоа пред се од аспект на тромост на процесот, како и немањето на дефиниран пристап кон процесот на извршување.

Она што е олеснителна околност по однос на Република Македонија е фактот дека најголемиот број на пресуди кои чекаат за извршување (57) се однесуваат на повторувачки предмети, а многу помал е бројот на водечките предмети (15) кои се многу покомплексни за извршување.

Фактот дека во државата немаше дефиниран процес на кој начин се извршуваат одлуките на Судот, ја наложија потребата од законско регулирање на сферата на извршување на одлуките на ЕСЧП во 2009 година во мај 2009 година. За имплементацијата на Законот неопходно е именувањето на Владини агент согласно Законот за застапување на РМ пред ЕСЧП, со што требаше да се овозможи формирање на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП. Тоа е клучен момент за да започне процесот со формирање на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП. Оваа комисија е клучниот фактор во изготвувањето на акционите планови на државата во правец на извршување на

пресудите на ЕСЧП, што пак значат дефинирање на конкретни обврски, органи и рокови за преземање на активности во правец на извршување на пресудите. Овие планови треба да се доставаат до Комитетот на Министри кој ќе го следи нивното извршување во роковите кои државата сама си ги определила, за што се надоврзува и обврската за подготовка на тримесечните акциони извештаи.

Советот на Европа е известен за донесените законски решенија, и истиот го поздрави законското регулирање на процесот на извршување, меѓутоа неопходна е имплементација за законското решение, заради што е потребно на итно преземање на потребните активности во правец на имплементација за двете законски решенија.

5.4. Имплементација на новото правно средство по однос на неразумно долгото траење на судските постапки во Република Македонија

Во однос на мерките за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, преземени од страна на државата во правец на креирање на ефикасно правно средство во земјата за надминување на засега најголемиот проблем констатиран од страна на Судот, правото на судење во разумен рок, забележан е значителен напредок.

Имено, правното средство воведено со Законот за судови, постапка пред Врховниот суд со која граѓаните можат да бараат директна заштита на правото на судење во разумен рок пред домашните судови, а кое започна да функционира 2008-та, година покажа импресивни резултати.

Особено е значајна околноста дека Врховниот суд одлучувајќи по овој основ покрај законските процесни правила, се раководи и од правилата и принципите на Европската конвенција, како и од судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Изминатите три години се покаша дека тоа **е од особено значење за правниот поредок на Република Македонија според Владиниот агент и отвара ново поглавје во развојот и унапредувањето на правниот промет и судиската пракса во македонското правосудство- процес кој е неминовен и во контекст на аспирациите на Република Македонија за полноправно членство во Европската унија.** [17]

За одбележување е дека во одлуките во кои Врховниот суд одлучувал мериторно и ги прифатил за основани барањата на граѓаните за заштита на правото на судење во разумен рок се прифатени критериумите за ценење на оваа повреда востановени со судската пракса на Европскиот суд. Последново

[17] Одлуките на Европскиот суд на правдата, во правниот поредок на Европската унија претставуваат извор на правото и како такви се задолжително применливи.

е силен индикатор дека највисокиот суд во Република Македонија доследно го применува посочениот Закон за судови и се води од утврдената пракса на Европскиот суд .[18]

Во продолжение следуваат табеларни прегледи на барањата поднесени пред Врховниот суд во 2008-2009 година, а за кои сеуште нема став на ЕСЧП по однос на ефикасноста на правното средство во земјата.

Табела 4 Предмети примени во Врховниот суд

Година	2008	2009	2010
Број на предмети во работа	72	278	398
Решени предмети	10	166	350
Одбиени барања	9	48	101
Отфрлени барања	1	84	112
Најдени повреди	0	33	137
Предмети префрлени за наредната година		108	48

Табела 5 -Жалби на одлуки донесени против првостепените одлуки 2008 – 2010

Година	2008	2009	2010
Број на предмети во работа	5	66	97
Решени предмети		66	94
Одбиена жалба	5	28	45
Отфрлена жалба	-	27	23
Усвоена жалба	-	11	26

6. ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА ФУНКЦИЈАТА ВЛАДИН АГЕНТ НА РМ

6.1. Законско решавање на застапувањето пред ЕСЧП

Застапувањето на Република Македонија пред ЕСЧП, како и изминативе 13 се уште се врши од страна на Владиниот агент чија функцијата беше востановена и регулирана со Одлуки на Владата на Република Македонија(1998 и 2001 година). Законот за застапување на РМ пред ЕСЧП не е во функција бидејќи, Владата нема именувано Владин агент, кој како Директор треба да го формира Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, и да се јави како иницијатор на процесот на формирање на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

Поради тоа, и во овој извештај се укажува на неопходноста за имплементација на двете законски решенија.

6.2 . Останати активности на Владиниот агент

Владиниот агент и Одделението за подршка на Владиниот агент и покрај проблемите прикажани понапред во точките 5.3 и 6.1. покрај своите редовни активности во правец на застапување на државата, и во 2010 година продолжи со напорите за промоција и популаризација на стандардите на Европската Конвенција, праксата на Европскиот суд за човекови права , но и со едукаците на судиите, обвинителите и младите адвокати и правници во Република Македонија за Конвенцијата за човекови права и основни слободи и праксата на ЕСЧП.

Имено, фактот на големиот број на повторувачки предмети пред ЕСЧП, големиот број на жалби против РМ кои се отфрлаат како недопуштени од страна на ЕСЧП, укажуваше на недоволно познавање на стандардите на Конвенцијата и праксата на Судот. Заради тоа Владиниот агент во текот на 2010 година ги презема следните активности:

I. Март 2010, Маврово- Организиран Форум за примена на членот 6 од ЕКЧП од аспект на граѓанското право- за 32 судии од граѓанските оддели од сите судови во РМ. Форумот беше организиран со подршка на Советот на Европа- Генерален директорат за човекови права и правни прашања Покрај домашните учесници присуствуваа и преставници на ЕСЧП.;

II.Мај 2010, Маврово- Организиран Форум за примена на членот 5 од ЕКЧП во кривичната постапка- за 3о судии од кривичните оддели од сите судови

во РМ, но и за обвинителите од РМ. Форумот беше организиран во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, со подршка на Советот на Европа-Генерален директорат за човекови права и правни прашања Покрај домашните учесници присуствуваа и преставници на ЕСЧП.;

;

III. -Септември 2010, Охрид- Тренинг сесија за примена на член 1 Протокол 1 од Конвенцијата со 30 учесници. Сесијата беше организиран во соработка со Здружението на млади правници, со подршка на Советот на Европа-Генерален директорат за човекови права и правни прашања Покрај домашните учесници присуствуваа и преставници на ЕСЧП.;

;

IV. Ноември 2010- Скопје- Конференција за Принципот на субсидијарноста низ судската пракса на ЕСЧП и ефективни правни лекови, со 44 учесници. Конференцијата беше организирана од страна на Академијата за судии и јавни обвинители.

V.-Октомври 2010 година во Скопје, „Конференција посветена на принципот на субсидијарност во примената на Европската конвенција за човекови права и основни слободи“ во рамките на Македонското претседателство со Комитетот на Министри на Советот на Европа.
Конференцијата беше организирана од Владата на Република Македонија, Министерството за правда и Министерството за надворешни работи, со поддршка на Прошириниот договор за демократија преку право („Венецијанската комисија„) и Генералниот директорат за човекови права и правни прашања на Советот на Европа.
На Конференцијата учествуваа 120 учесници од 28 земји членки на Советот на Европа, но и претставници на невладините организации од повеќе земји членки. На конференцијата се усвоија повеќе заклучоци, за афирмација и унапредување на процесот на реформа на системот на Конвенцијата, отпочнат во Интерлакен, а кој продолжи во Измир 2011 година.
На Конференцијата беа усвоени неколку клучни заклучоци:

1. Да обезбедат целосна заштита на Конвенцијата на национално ниво и реализација и заштита на правата и слободите гарантирани со Конвенцијата, како интегрален дел од интерното право кај сите земји-членки.

2. Приципот на субсидијарноста претпоставува колективна и солидарна одговорност на властите во Државите за обврските преземени од Конвенцијата, како на регионално или локално, така и на национално ниво,

3.Законодавните власти треба да ги усвојуваат законите во скад со Конвенцијата, а извршните власти да ги применуваат истите согласно Конвенцијата. Притоа дефинирана беше максимата дека соочена со даден проблем или пред донесување на било каква одлука, секоја власт би требало да се запраша: “*Што би кажал Стразбур?”*

4.Националниот судија мора да ја познава Конвенцијата и пракасата на ЕСЧП до таа мера да може реално да ја примени, ако треба и на штета на национален

закон, а како клучни обврски се дефинираа универзитетското образование и професионалното усовршување на правните кадри.

5. Националните парламенти, беа повикани да бидат клучен елемент во примената на принципот на субсидијарноста, при што беа поканети повеќе да се ангажираат при внимателното разгледување на усогласеноста на законите и праксата на Судот со Конвенцијата. Тоа може секако да има превентивен полезен ефект, но и да даде одлучувачки ефект при брзото и целосно извршување на судските одлуки.

6.Како неопходна беше утврдена и постојаната проценка и контрола на државата по однос на прашањето, дали постојат ефективни правни лекови во рамки на државата.

Во рамките на Конференцијата, на прес-конференција, беше промовирана Книгата на пресуди од Европскиот суд за човекови права што се донесени од страна на Големиот судски совет, како основен креатор на судската практиката на Судот, објавена на македонски јазик, чија цел е да им ја приближи на домашните институции практиката на Европскиот суд за човекови права.

VI. Со цел надградба и јакнење на капацитетите на Одделението за подршка на Владиниот агент(кој во меѓувреме прерасна во Сектор) во текот на 2010 година, со подршка на Советот на Европа -Генерален директорат за човекови права и правни прашања, беа организирани студиски патувања во Канцеларииите на Владините агенти на **Чешка** (април 20100) **и Велика Британија**(декември 2010 година). На истите се разменуваа искуства со колегите особено во делот на организација на канцеларииите на Владините агенти, системот на работа, и нивните обврски и ингеренции во делот на извршување на пресудите на ЕСЧП.

-**VII.Септември 2010** –Во соработка и подршка на ОБСЕ, изготвена и објавена беше книга која претставува Збирка на Пресуди на Европскиот суд за човекови права –Големиот судски совет како основен креатор на судската практиката на Судот, објавена на македонски јазик, чија цел е да им ја приближи на домашните институции практиката на Европскиот суд за човекови права.

Книгата е дистрибуирана до сите судии во РМ, јавните обвинители, Академијата за судии и јавни обвинители и други заинтересирани субјекти

7. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Континуирано висок е приливот на предмети пред ЕСЧП против Владата на Република Македонија, па така во текот на 2010 до Владата се комуницирани нови 96 предмети .

2. Бројката на одлуките на Европскиот суд за човекови права, во 2010, **порасна за 100% во споредна со 2009 година**, и изнесува 72 одлуки. Од нив *15 се пресуди, 33 одлуки за пријателско решавање на предметите, 16 еднострани декларации, и 8 одлуки за недопуштеност на жалбите.*

3. Структурата на поднесените жалби пред Европскиот суд во текот на 2009 година го следи трендот на претходните години па и натаму најголемиот број на предмети се однесуваат на предмети од граѓанската сфера.

4. Предметите комуницирани до Владата укажуваат на фактот дека проблемите актуелизирани во нив, генерираат од старите процесни законски решенија, односно пред започнувањето на имплеентацијата на реформата во праводуството 2004, а која се надгради изминатите години и сеуште е во фаза на имплементација. Најголемиот проблем и понатаму останува разумниот рок на постапување пред домашните судови.

5. Судот продолжи со трендот, да досудува правичен надомест за обесштетување на жалителите. Просекот на досудени средства во државата е **3.000 Евра**. На тоа ниво се движат и износите определени во пријателските спогодби.

6. Праксата која Судот ја започна во 2007 година, да иницира пријателски спогодувања помеѓу државата и жалителите, со утврдени износи согласно праксата на ЕСЧП продолжи и во 2010 година. Пристигнаа седум пакети со 76 предмети во кои над 200 жалителите се жалеа на повреда на правото на судење

во разумен рок, а за предмети кои со години биле во постапка пред домашните судови, и за кои ЕСЧП со досегашната судска пракса против Република Македонија, се констатирани како неразумни влијаат врз должината на постапката и претставуваат одговорност на државата.

7. Комитетот на Министри при Советот на Европа забележал дека извршувањето на пресудите на Европскиот суд во делот на исплатите започнува да се одвива со проблеми и дека исплатите во голем дел,50% се вршат по истекот на роковите определени од Судот.

8. Комитетот на Министри при Советот на Европа забележал спорост во процесот на извршување на одлуките од страна на Република Македонија, со оглед на фактот дека водечки пресуди се наоѓаат во процес на извршување две и повеќе години. Не е донесена финална резолуција за затварање на предметите.

9. Поради доцнење со примена на новите законски решенија, за извршување на одлуките на ЕСЧП, и за застапување на Република Македонија **не е формирана Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**. Сето тоа резултира со проблеми во подготовката на акционите планови за извршување на одлуките на ЕСЧП.

10. Постои потреба од повисок степен на познавање на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, како и праксата на ЕСЧП кај правниците во земјата, и тоа како кај судиите, обвинителите, така и кај адвокатите во Република Македонија. Ова укажува на **потребата за едукација на правниот кадар во земјата,** континуирано и проширено на судиите, јавните обвинители, адвокати и други субјекти за подигнување на степенот на познавање на правата и слободите заштитени со Конвенцијата за човекови права.

						АНЕКС 1- ПРЕСУДИ 2010 година
	НАЗИВ НА СТРАНКА	**Вид на постапката и нејзино вкупно траење**	**Побарана материјална штета**	**Нематеријална штета и трошоци**	**Досуден износ за мат/немат штета и трошоци**	**Лоцирани повреди на права од ЕКЧП**
1.	**Крсте Јовановски**	Извршна постапка 1991-2001 заради неизвршување на правосилна и извршна пресуда	1.076.284 Евра	23.700 Евра	500	**Постапката се водела пред ОС Охрид. Вкупна должина од 10 години. Повреда на правото на судење во разумен рок.** Постапката завршила откако судските списи биле уништени без соодветна реализација на извршувањето. Извршувањето требало да се спроведе во Хрватска, но заради војната било одолговлекувано, сепак одговорноста била на државата истото да го спроведе.
2.	**Атанасовски**	Парнична 1997-2003, работен спро заради прераспоредување на друго работно место		20.000 Евра	2600	**Постапката се водела пред ОС Битола. Повреда на правото на судење во разумен рок** бидејќи постапката севкупно траела **над шест години** во сите инстанци на одлучување, како и **правото на фер судење** за жалителот, поради отстапувањето на Врховниот суд од неговата претходно воспоставена судска пракса по предмети со ист основ како обжалениот, без притоа да даде соодветно образложение за напуштената пракса.
3.	**ПАКОМ**	Извршна постапка 1999-2008 - враќање во владение на имот од должникот	заради не поднесување на изричито барање за штета не е досуден надомест од ЕСЧП		нема	**Постапката се водела пред ОС Скопје 2. 9 години заради што констатирана е повреда на правото на судење во разумен рок. П**остапката се водела со оспорување на извршувањето од страна на должникот, кога Апелациониот суд Скопје го одбил предлогот за извршување во корист на должникот. Во овој период постапката била неактивна повеќе од 2 години и 5 месеци, заради чекањето на во меѓувреме покренатото барање за заштита на законитоста до Врховниот суд.

4.	**Ристеска**	Парнична постапка-работен спор заради отпуштање од работа траел од 1998-2005	3.000 Евра	710 Евра	810	**Постапката се водела пред ОС Скопје 2. Вкупна должина 7 години.Повреда на правото на судење во разумен рок.** Првата првостепена одлука била донесена дури по истек на 4 години и 7 месеци, додека целата постапка вклучувајќи ја и постапката по ревизија пред Врховниот суд, траела 7 години и 4 месеци.
5.	**Јовановски**	Парнична постапка-неисполнување на обврски од договор траел од 1993-2003	6.125.463 Евра		нема	**Постапката се водела пред ОС Битола. Вкупна должина 10 години. Повреда на правото на судење во разумен рок.** На првостепениот суд му биле потребни приближно 3 години и 10 месеци да донесе одлука по предметот откако истиот бил вратен на повторно судење. Дополнително, на Врховниот суд му биле потребни приближно 2 години да донесе одлука по поднесената ревизија од страна на жалителот, а притоа не се преземени накакви процесни дејствија.
6.	**Митрески**	Кривична постапка - притвор			765	**Постапката се водела пред ОС Гостивар**.**Повреда на членот 5 став 4 од Конвенцијата од аспект на принципот на еднаквост на оружја и отсуството на усно сослушување пред кривичниот совет.** Еден аспект од правото на слобода и сигурност од членот 5 став 4.Кривичниот совет, постапувајќи во втор степен по жалба на ОЈО, ја укинал првостепената одлука и ја заменил со наредба за притвор. Оваа жалба, не му била доставена на жалителот. Судот сметал дека, ова процесно пропуштање го спречило жалителот од ефективно учество во постапката пред советот.

7.	**Илиевски Мирко**	Парнична постапка-работен спор заради отказ 1995-2003	52.695 Евра за неисплатени плати и други надоместоци од работниот однос	11.920 евра, поради недостаток на средства за егзистенција	800	**Постапката се водела пред ОС Кочани. Повреда на правото на судење во разумен рок. Вкупно траела 8 години**. Заради отварање на стечајна постапка врз тужениот и постапката завршила по истек на повеќе од 8 години. Непотребно бил преотстапен предметот на натамошно постапување на ОС Делчево на првостепениот суд во Кочани, што значително влијаело на должината на постапката.
8.	**Борис Стојановски**	Кривична постапка-жалителот бил оштетена странка на која не и било овозможено да го реализира своето имотно побарување во крив.постапка		3.730 евра	нема	**Постапката се водела пред ОС Скопје 1. Повреда на членот 6 по однос на правото на правично судење,** поточно, констатирана повреда на еден аспект од членот 6, во поглед на правото на "пристап до суд".Иако жалителот не повел граѓанска постапка за имотно побарување, не може да се стави на негова вина, дотолку повеќе што граѓанските судови, според тврдењата на Владата, се обврзани да да го чекаат исходот од кривичната постапка. Судот смета дека не може да се бара од жалителот да поведе, после четири години од предјавувањето на своето оштетно побарување и после повеќе од десет години од инцидентот, нова постапка пред граѓанскиот суд со барање за обештетување поради претрпените повреди
9.	**Настеска**	Кривична постапка-злоупотреба на служ.положба 2000-2005		5.000 Евра	1200	**Постапката се водела пред ОС Кичево. Повреда на членот 6 по однос на правото на правично судење и од два аспекта од истиот член, прво, во поглед на еднаквост на оружјата** (заради неможност да присуствува на седница на Апелациониот суд кога е потврдена нејзината осуда, спротивно на присуството на Јавниот обвинител) и второ, во поглед на должината на постапката и повреда на правото за судење во разумен рок, траење од **5 години**.

10.	**Сандел**	Кривична постапка-измама од 1998-2007		10.000 Евра, за душ. бол, загуба на углед	2200	**Постапката се водела пред ОС Скопје 1. Вкупно траела над 9 години, Повреда на правото за судење во разумен рок,** додека, ЕСЧП ги отрфли жалбените наводи како неосновани во поглед членот 6 став 3 (а) и (б) од Конвенцијата, поточно, дека не му било дадено право во предметната кривична постапка да се користи со хебрејскиот јазик.Помеѓу септември 2001 и јануари 2004 година, судечкиот суд не превземал никакво процесно дејствие по предметот.
11.	**Демерџиева**	Кривична постапка -трговија со дрога	30.000 Евра за тројцата жалители	35.000 Евра за тројцата жалителите	2000 Евра за секој жалител за нем.штета и 2500 за сите за трошоци, или вклупно за тројцата 8500 Евра	**Постапката се водела пред ОС Гевгелија. Повреда на еден аспект од членот 6, во поглед на правото на "пристап до суд".** Врховниот суд погрешил со одбивањето на барањето за ВПП на жалителите погрешно утврдувајќи дека истото е ненавремено и со тоа ги лишил од правото на пристап до суд.
12.	**Спасовски**	Парнична постапка -надомест на штета од терористички акт од 1994-2006	5.000 Евра заради повредите добиени од тер.акт	500 Евра за трошоци	1000	**Постапката се водела пред ОС Скопје 2.** Фактот што жалителот не ја обжалил првостепената одлука ниту поднел одговор на жалбата од државата, а имајќи во предвид дека добил за него поволна одлука од првостепениот суд, тој имал легитимно очекување да нема интерес за поднесување на жалба за неповолниот дел од одлуката, **заради тоа имало повреда на правото за фер судење и пристап до суд**.
13.	**Василковски и други (38 жалители)**	Кривична постапка-притвор	одд 500 до 800 Евра за секој жалител	2500 Евра за едне жалител за медиц.трошоци	2000 Евра само за трошоци	**Постапката се водела пред ОС Скопје 1. Повреда на членот 5 став 3 од Конвенцијата (**правото на притворениот на судење во разумен рок или ослободување во текот на судската постапка, како и тоа дека пуштањето на слобода може да се услови со барање на гаранција дека лицето ќе се појави на судењето.) Недоволно образложение за мерката притвор во одлукие на судот.

14.	**Иванов и Димитров**	Парнична постапка - работен спор за исплата на следните надоместоци од работен односод 2001-2006	8.200 Евра за претрпен стрес	16.250 Евра со камата како во туж.барање	1850 Евра за нем.штета и трошоци само за првиот жалител	**Постапката се водела пред ОС Штип. Повреда на членот 6 по однос на правото на судење во разумен рок. Едновремено, жалбените наводи во поглед на непостојаност на домашната судска пракса како еден од аспект од членот 6 од Конвенцијата ги отрфли како неосновани.** Постапката траела **5 години**. Првостепениот суд не бил во можност да обезбеди присуство на работодавачот како државен орган, помеѓу 26 јуни 2002 и 30 јануари 2004 година.
15.	**Леснина Влетрговина**	Извршна постапка - извршување на долг од 1992-до денес нерешена			7000	**Постапката се водела пред тогашниот Окружен стопански суд Скопје.** Заради продолжување на постапката по веќе постигната пријателска спогодба, а заради повреда на барањето за судење во разумен рок, ЕСЧП одлучи со пресуда по предметот со која го тргна предметот од листата на нерешени предмети.
				Вкупно	**29,225**	

АНЕКС 2-ПРИЈАТЕЛСКИ СПОГОДБИ

	НАЗИВ НА СТРАНКА	Основ на постапката и вејзино вкупно траење	побара на отштета		Износ на прифатена пријателска спогодба	Лоцирани застои на постапката, основ за прифаќање на ФС
	2010 година					
1.	**Стефановска**	Управна постапка за признавање на право на паричен надомест заради невработеност од 2001-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП		2700	**Постапката се водела пред Центарот за вработување К.Паланка под бр.03-677 на што се надоврзал и Управен спор пред Врховен суд на РМ. Вкупно траела постапката над 6 години, во ситуација на спор од итна природа(егзисетнцијална)** Притоа во управен спор ВСРМ во три наврати постапувал без да донесе мериторна одлука, туку предметот го враќал на повторно одлучување пред управнитеоргани, спротивно на ЗУС.
2.	**ДООЕЛ И Транс**	Парнична постапка заради надомест на штета од физичко лице од 2001-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП		2100	**Постапката се водела пред ОСБитола под П.бр.52/2001. Вкупно траела над 6 години** при што изминале 3г и 7м до донесувањето на првата пресуда на првостепена пресуда. Закажани биле 21 расправа, а лоцирани се одлагања пред се заради неуредна достава на странките, сведоците. Постои и повторување на судење пред првостениот суд.
3.	**Ристовска Надица и др.**	Парнична постапка-работен спор за надомест на штета заради неисплатени плати и придонеси на плата од 1996-2008	10 000 Евра за секој жалител		4800 за 6 жалители или вкупно 28 800 Евра	**Постапката се водела пред ОСВелес под П.бр.2564/96. Вкупно траела околу 12 години,** при што лоцирано е предолго траење на првост.постапка од 9г и 9м; Сериозен недостаток е периодот од 3 години до закажување на првото рочиште, при што во текот на расправата биле закажани 40 расправи кои биле одлагани пред се заради неуредна достава;проблем е и долгото изготвување на вештачење и негова достава до судот.

4	**Китановски**	Парнична постапка за утврдување на право на сопственост и враќање во владение на недвижност од 1998-2006	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	3000	**Постапката се водела пред ОСБитола под П.бр.502/98.Вкупно траела околу 12 години**како проблем е лоциран фактот дека првата расправа е закажана по истек 2г и 7м.од поднесувањето на тужбата. По одржана четвртата расправа во 2002 г,истата продолжува по цели 3г и 5м во 2005г.
5	**Павлеска**	Управна постапка за остварување на право за помош и нега од друго лица од 1998-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	3100	**Постапката се водела најнапред пред Центарот за социјални грижи под број .0805-11-200 на што се надоврзал управен спор пре Врховниот суд на РМ. Постапката вкупно траела над 9 години** при што водени се и два управни спора пред ВСРМ. Постои четирикратно постапување на првост. и воторст. Управен орган, а како особен проблем е фактот дека два пати постапувал ВСРМ без донесување на мериторна одлука туку со враќање на повторно одлучување.Со оглед дека се работи за егзистенцијално право постапката е потребно да биде итна.
6	**Јанева**	Парнична постапка за утврдување на трајно право на користење на идеален дел од градежно земјиште од 1998-2007	213030 денари судски трошоци	3900	**Постапката се водела пред ОСВелес под П.бр.130/98.Вкупно траела над 9 години** и донесени се вкупно 7 судски одлуки од кои 3 првост., 4 второст. Лоцирани се застои во постапката без оправдување за истите; закажани се 36 расправи со периоди на неактивност во траења од: 6м, 1г и 6м и 4м. Застој заради нераспоредување на предметот во период од 2002-2004г од претс.на судот. Првата одлука е донесена по истек на 6г и 9м.
7	**Јордан Коцев**	Парнична постапка за предавање во владение на недвижен имот од 2001-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	2600	**Постапката се водела пред ОСШтип под П.бр.311/2001.Вкупно траела над 6 години** при што се донесени 4 судски одлуки (2п и 2а); закажани се 23 расправи, а лоцирани се одлагања заради недоаѓање на вештакот, заради увид на лице место и отсуство на судечкиот судија.

8	**Ордева и др**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1997-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (8)	3.550 x 8 апликанти или вкупно 28.400 евра.	**Се водела пред ОС ВЕлес под П.бр.728/97во траење од 11 години и 2 месеци**. Биле одржани 38 расправи и донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Значителен застој во постапката без никаква активност на судот во два наврати, првиот пат во траење од 1 година и 2 месеци, а вториот пат 2 години и 1 месец
9	**Паунова и др**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1997-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (22)	2.620 x 22 или вкупно 57.640 евра	**Се водела пред ОС Велес под П.бр.50/96во траење од 11 години и 4 месеци**. Биле донесени 5 одлуки, 2 првостепени, 2 второстепени и 1 на Врховниот суд. Значителен застој во постапката без никаква активност на судот во два наврати, првиот пат во траење од 1 година и 5 месеци, а вториот пат 3 години и 3 месеци. Првата првостепена пресуда била донесена после цели 7 години и 11 месеци од поднесувањето на тужбата
10	**Ристова Сузана и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од1996-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (8)	3.550 x 8 апликанти или вкупно 28.400 евра.	**Се водела пред ОСВелес под П.бр.2489/96 во траење од 11 години и 5 месеци**. Биле одржани 38 расправи и донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Значителен застој во постапката без никаква активност на судот во два наврати, првиот пат во траење од 1 година и 2 месеци, а вториот пат 2 години и 1 месец

11	**Иванова и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1997-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (4)	3.600 x 4 апликанти или вкупно 14.400 евра.	**Се водела пред ОС Велес под П.бр.726/97во траење од 11 години и 2 месеци.** Биле одржани 36 расправи и донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Значителен застој во постапката без никаква активност на судот во траење од 2 години и 6 месеци.
12	**Трајкова и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1997-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (10)	4.440 x 10 апликанти или вкупно 44.400 евра	**Се водела пред ОС Велес под П.бр.553/97во траење од 11 години и 3 месеци**. Биле донесени 5 одлуки, 2 првостепени, 2 второстепени и 1 на Врховниот суд. Значителен застој во постапката без никаква активност на судот во два наврати, првиот пат во траење од 1 година и 5 месеци, а вториот пат 2 години. Првата првостепена пресуда била донесена после цели 7 години и 10 месеци од поднесувањето на тужбата
13	**Јовановска и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од1997-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (6)	4.460 x 4 апликанти или вкупно 17.840 евра, и 3.560 x 2 или вкупно 7.120 евра	**Се водела пред ОС Велес под П.бр.812/9711 години и 4 месеци**. Биле донесени 5 одлуки, 2 првостепени, 2 второстепени и 1 на Врховниот суд. Значителен застој во постапката без никаква активност на судот во два наврати, првиот пат во траење од 1 година и 5 месеци, а вториот пат 3 години и 3 месеци. Првата првостепена пресуда била донесена после цели 7 години и 11 месеци од поднесувањето на тужбата

14	**Мухаедин Беља**	Кривична постапка за утврдување на законитост на лишување од слобода од 2001-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	2600 Евра	.**Постапката се водела пред ОССкопје 1 под КРИ.бр.151/2001 во траење од 6г.8м**.Била иницирана во ноември 2001 година а завршила во 2007 година. Неактивност на истражниот суд од 1 година и 9 месеци.МВР со години не давал никакви податоци за предметот. Одолговлекување во текот на целата постапка, со оглед дека МВР со години не давал податоци и информации по предметот, а истражниот судија само периодично се обраќал со барања и ургенции за информации.Постапката завршила со решение на истражниот судија дека лишувањето од слобода било незаконито
15	**Санде Трајчевски**	Управна постапка за остварување на правото на пензија пресметана по едногодишен просек, наместо десетгодишниот просек од 1987-2007	100.000 евра	5.800 евра	**Постапката се водела пред ПИОМ под С.бр.21177 и Врховен суд на РМ и вкупно траела 20 години.** Донесени биле дури 26 одлуки, 7 првостепени, 12 второстепени и 7 пресуди на Врховниот суд, донесени во 7 управни спорови за една иста работа

16	**Гошевски и Фидановски**	Кривична постапка 1997-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	3.900 Евра	**Се водела пред ОС Струмица под К.бр.244/97во траење од 10 години и 5 м** против четворица жалители која започнала во 1997 година. Основен проблем претствaува четирикратното постапување на Основниот суд, заради враќање на постапката од Апелација Штип на повторно одлучување. засебен проблем се и долгите траења на посебните постапки. Првото постапување траело 17 месеци и биле закажани 7 рочишта. Второто постапување траело 43 месеци, со одржани 24 рочишта, а била донесена делумна одлука. Во ова постапување имало застои од 19 месеци, а во предметот недостасуваат списите за 6 закажани рочишта.Третото постапување траело 6 месеци, а биле одржани 9 рочишта. Четвртото постапување кое што претставува повторување на постапката траело дополнителни 23 месеци а биле одржани 4 рочишта, но доставата на пресудите одзела дополнителни 11 месеци.
17	**Глигоров Бранко**	Кривична постапка 1997-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	3.900 Евра	**Се водела пред ОС Струмица под К.бр.244/97во траење од 10 години и 5 м** против четворица жалители која започнала во 1997 година. Основен проблем претствaува четирикратното постапување на Основниот суд, заради враќање на постапката од Апелација Штип на повторно одлучување. засебен проблем се и долгите траења на посебните постапки. Првото постапување траело 17 месеци и биле закажани 7 рочишта. Второто постапување траело 43 месеци, со одржани 24 рочишта, а била донесена делумна одлука. Во ова постапување имало застои од 19 месеци, а во предметот недостасуваат списите за 6 закажани рочишта.Третото постапување траело 6 месеци, а биле одржани 9 рочишта. Четвртото постапување кое што претставува повторување на постапката траело дополнителни 23 месеци а биле одржани 4 рочишта, но доставата на пресудите одзела дополнителни 11 месеци.

18	**Илинка Николовска**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1997-2008	10000 евра	3.000 Евра	**Се водела пред ОС ВЕлес под П.бр. 562/97во траење од 11 години и 2 месеци.** Биле донесени 7 одлуки, 2 првостепени, 3 второстепени и 2 на Врховниот суд. Трикратно укинување на првостепените пресуди и враќање на повторно судење. За определување на вештачење изминале 8 месеци, а за наодот се чекало 10 месеци. Првата првостепена пресуда била донесена после цели 6 години и 9 месеци од поднесувањето на тужбата. Цести одлагања заради ненавремено недоставување на податоци од ПИОМ
19	**Шкртова и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1996-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (8)	3.550 x 8 апликанти или вкупно 28.400 евра	**Се водела пред Основен суд Велес под П.бр.2362/96 скоро 12 години**. Биле донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Биле закажани 45 расправи од кои само 7 се одржале а другите 38 биле одложени по барање или вина на тужениот Стопанска банка. Првата распарава е закажана по 1 г и 9 м. а првостепена пресуда била донесена после цели 9 години и 7 месеци од поднесувањето на тужбата
20	**Андреевска и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1996-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (7)	3.557 x 7 апликанти или вкупно 24.899 евра	**Се водела пред Основен суд Велес под П.бр.2482/96 скоро 12 години.** Биле донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Биле закажани 45 расправи од кои само 7 се одржале а другите 38 биле одложени по барање или вина на тужениот. Првата првостепена пресуда била донесена после цели 9 години и 5 месеци од поднесувањето на тужбата

21	**Миленкова и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1997-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (33)	2.612 x 33 апликанти или вкупно 86.196 евра	**Се водела пред Основен суд Велес под П.бр.47/97 11 години и 4 месеци.** Биле донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Првата расправа била закажана 8 месеци по поднесувањето на тужбата, времесни дупки од 2 години и 2 месеци (1997-2000), како и дополнителни 2 години (2003-2005), а процесто на вештачење одзел цела година. Првата првостепена пресуда била донесена после цели 9 години и 5 месеци од поднесувањето на тужбата
22	**Дурчева и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1996-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (11)	2.636 x 11 апликанти или вкупно 28.996 евра	**Се водела пред Основен суд Велес под П.бр.2369/9611 години и 6 месеци.** Биле донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Времесни дупки од 1 година и 5 месеци (1997-12.1998), како и дополнителни 2 години и 1 месец (2000-2002). Првата првостепена пресуда била донесена после цели 9 години и 5 месеци од поднесувањето на тужбата
23	**Дамјановска и др**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1996-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (8)	3.550 x 8 апликанти или вкупно 28.400 евра	**Се водела пред Основен суд Велес под П.бр.2364/96 11 години и 4 месеци. Б**иле донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Првата првостепена пресуда била донесена после цели 9 години и 5 месеци од поднесувањето на тужбата и по одржани 41 расправа.

24	**Атанасова и др**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1996-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (14)	2.628 x 14 апликанти или вкупно 36.792 евра	**Се водела пред Основен суд Велес под П.бр. 562/9711 години и 2 месеци.** Биле донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Првата првостепена пресуда била донесена после цели 9 години и 7 месеци од поднесувањето на тужбата и по одржани 41 расправа. Првата расправа е закажана по две години од решението за раздвојување на постапката.
25	**Настова и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1996-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (7)	2.657 x 7 апликанти или вкупно 18.599 евра	**Се водела пред Основен суд Велес под П.бр.739/96 11 години и 11 месеци.** Биле донесени 6 одлуки, 2 првостепена, 2 второстепена и 2 на Врховнио т суд. Биле закажани 44 рочишта и тоа 23 во првото постапување и 21 во второто постапување. за завршување на вештачењето поминале 3 години и 2 месеци.
26	**Анастасовска Горгиевска Жаклина**	Парнична постапка заради престанок на работен однос.од 1993-2004	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	2100 евра	**Постапката се водела пред ОС Крива Паланка под П.бр.236/93 и траела 10 години и 9 месеци,** Во седумкратно постапување биле донесени 14 одлуки, 7 првостепени, 6 второстепени и 1 на Врховен суд

27	**Николовска и др.**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1996-2008	10000 евра за секој апликант поединечно (7)	4.480 x 5 апликанти или вкупно 22.400 евра.	**Се водела пред ОС ВЕлес под П.бр.562/97 во траење од 11 години и 5 месеци.** Биле донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Биле закажани 38 рочишта а првата пресуда била донесена по цели 9 години и 9 месеци. неоправдана неактивност на судот во два наврати, првиот пат во траење од 1 година и 2 месеци а вториот 2 години и 1 месец.	
28	**Давчева**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, заради исплата на плата и придонеси на плата од 1997-2008	10000 евра	3.900 Евра	**Се водела пред ОС ВЕлес под П.бр.638/97во траење од 11 години и 2 месеци.** Биле донесени 3 одлуки, 1 првостепена, 1 второстепена и 1 на Врховниот суд. Биле закажани 38 рочишта а првата пресуда била донесена по цели 7 години и 11 месеци. неоправдана неактивност на судот во два наврати, првиот пат во траење од 1 година и 2 месеци а вториот 2 години и 1 месец.	
29	**Ѓорѓиевска**	Кривична постапка 2001-2007	50000 евра	2.300 Евра	**Се водела пред ОС Струмица траела 6 години** при што домашните судови одлучувале по вината на жалителот дури три пати, при што се донесени 6 одлуки и тоа : 3 првостепени, 3 второстепени одлуки. Во текот на постапувањето закажани биле дури 24 расправи, списите од судскиот предмет биле загубени при што нивната обнова довела до застој од 2 години.	Алекс

30	**Шабански**	Парнична постапка заради надомест на штета причинета од страна на РМ од 1995 2007	20000 евра		3.600 Евра	**Спорот се водел пред Основниот суд Струга под П.бр.733/94и траел вкупно 12 години и еден месец.** Предметот се одвивал во рамки на дури шесткратно постапување пред домашните судови, и по него се донесени 13 одлуки и тоа 6 првостепени, 6 второстепени и 1 по ревизија. Притоа најголемиот проблем во оваа постапка е шесткратното постапување на домашните судови, а заради постојано преотварање на постапката, за да во 2006 година Апелациониот суд со одлука ја преиначи одлуката на основниот суд и го одбие делумно тужбеното барање на апликантите.
31	**Ефтимова**	Парнична постапка за надомест на штета од неосновано збогатување од 1995-2006	1.594.196 денари материјална штета и 146.660 денари трошоци		3000 евра	**Се водел пред ОССкопје 1 под П.бр.1753/95и траела 11 години и 5 месеци.** Предметот се одвивал во рамки на еднократно постапување пред домашните судови, и по него се донесени само 3 одлуки и тоа : 1 првостепена, 1 второстепена и 1 по ревизија. Невозможно е да се лоцираат причините за екстремно долгото траење на парницата во услови на поништени судски списи и постоење само на копии од трите судски одлуки.
32	**Миланов**	Парнична постапка за надомест на штета од права кои произлегуваат од работен однос, а заради исплата на плата и придонеси од плата од 2002-2006	50.722 денари со затезна камата и 49.350 денари трошоци со камата сметано од 23.11.2005 г		3000 евра	**Постапката се водела пред Основен суд Штип под Прс.бр.147/02 и траела 4 г и 9 месеци**. Предметот се одвивал во рамки на двократно постапување пред домашните судови, и по него се донесени 5 одлуки и тоа : 2 првостепени, 2 второстепени и 1 постапка пред ВСРМ по барање за изземање на Апелациониот суд траела 7м.. Двократтно вештачење во едноставна постапка. Необјаснив застој од 1г 4м.

33	**Лазо Вретовски и др.**	Парнична постапка-работен спор за отказ од 1996-2006		300 000 евра за секој апликант или за 3 вкупно 1 200 000 Евра.	Понуден надоместок, по 3600 за секој жалител или вкупно 4 жалители =14 400 Евра	**Постапката се водела пред Основен суд Ресен под П.бр.156/96 во траење од 10 години.** Најголем проблем во неа е четирикратно постапување на судовите во спор од работен однос кој сам по себе е од итна природа. Одлуката по ревизија на ВСРМ била доставена по истек на 7м.
					570582 Евра	**за 178 лица**

						АНЕКС 3 -ЕДНОСТРАНИ ДЕКЛАРАЦИИ
	НАЗИВ НА СТРАНКА	**Основ на постапката и нејзино вкупно траење**	**побарана отштета**		**Износ на изјавена едностана декларација**	**Лоцирани застои на постапката, основ заизјавување на ЕД**
	2010 година					
1.	**Никола Фидановски (1)**	Парнична постапка за надомест на штета заради прераспоредување на друго работно место од 1997-2004	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП		понудено ФС 700 Е, одбиено изјавено УД 490	**Постапката се водела пред ОС Битола, а траела над 7 години**. како проблем е лоциран размак помеѓу расправите при второто постапување на првост.суд од 3г и 3м, а заради одредено вештачење кое не било изготвено а судот не превземал никакво дејствие. Втората првост.одлука донесена за 4г и 6м.
2	**Никола Фидановски (2)**	Парнична постапка-работен спор за отказ од 1998-2006	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП		понудено ФС 3900 Е, одбиено изјавено УД 2730	**Постапката се водела пред ОС Битола, а траела над 8 години**. Како проблем е лоциран временски јаз од 4г и 8м во текот на постапката без активност на судот во предметното досие.
3	**Наташа Љубецкиј**	Парнична постапка спор за утврдување на владение од 1999-2006	100 000 изгуб.имот	14 000 евра	понудено ФС 3900 Е, одбиено изјавено УД 1190	**Постапката се водела пред Основниот суд Скопје 1и траела над 7 години**. Како проблем е лоциран Трикратно постапување на дом.судови вклучувајќи го и ВСРМ по БЗЗ.
4	**Сашо Коцевски**	Кривична постапка за дело измама од 1997-2004	350 000 евра по двата основи		понудено ФС 2300 Е, одбиено изјавено УД 1610	**Постапката се водела пред ОССкопје 1 и траела над 7 години.** Првата пресуда донесена за 7г, 25 претреси биле одложувани заради неуредна достава за адвокати, сведоци, обвинети.Истрагата траела 2 години, а критичната постапка во целина завршила за 7 год. 4 м

5	**Коста Фидановски**	Парнична постапка за утврдување на парично побарување по основ на штеден влог во ТАТ во стечај се водел од 1998-2006			понудено ФС 2200 Е, одбиено изјавено УД1 540	**Постапката се водела пред ОС Битола и трела над 8 години.** Како проблем се лоцирани неколку временски јазови, 1г и 2м, 2г, 1г за што во доситето нема податоци за активност на судот.
6	**Александар и Ванга Стојкови**	Парнична постапка за утврдување на право на сопственост и предавање во владение од 2000-2007	80000 заради одземен имот	20000 евра, психичка бол	понудено ФС 2700 Е, одбиено изјавено УД 1890 Евра за двајцата заедно	**Постапката се водела пред ОС Струмица и траела над 7 години**. Како проблем е лоцирано четирикратното постапување на дом.судови, повеќекратно укинување на пресудите и враќање на повторно судење.
7	**Топузови**	Парнична постапка за надомест на штета од 2001-2008	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП		понуден износ од 2700 евра заедно за двајцата жалители, изјавена УД во износ од 1890 Евра.	**Постапката се водела пред ОС Скопје 2 и траела над 7 години**. Проблем е лоциран во неколкукратното постапува при што донесени биле 4 првост., 4 второст, и 1 одлука на ВСРМ по ревизија. Релативно брзо судовите ги донесувале одлуките, но четри пати бил враќан предметот на повторно судење. ВСРМ одлучил по ревизија по истек на 1г и 6м, одлуката била доставена за 2,5м.
8	**Мрчески**	Парнична постапка-работен спор 1999-2006		40 000 евра за должината на постапката	понуден износ од 2100 евра , изјавена УД во износ од 1470 Евра.	**Постапката се водела пред ОС Прилеп и траела над 7 години**. Како проблем е лоциран четирикратно постапување на првостепениот и второстепениот суд. ВСРМ по ревизија одлучил за 1г и 2м. Донесени 9 одлуки, 4 второст., 4 првостеп. и 1 на ВСРМ
9	**Фидановски и Гошевски**	Парнична постапка-работен спор за отказ од 1997-2006		30000 по 15000 за двајцата жалители	понуден износ од 4900 евра за секој посебно , изјавена УД во износ од 3430 Евра за секој поединечно.	**Постапката се водела пред ОС Битола и траела над 9 години** Како проблем е лоциран прекумерното траење на првост.постапка од 4г,при што се одржани само 5 рочишта. Во повторното судење на првостепениот суд му требале 3 год и 1 месец да закаже и одржи расправа долгите периоди помеѓу расправите. Првост.суд за 3г и 1м ја закажал првата расправа по предметот.

10	**Жупаноска Маргарета и др.**	Вонпарнична постапка за утврдување на надоместок за одземено градежно неизградено земјиште од 1996-2004	30000 евра за обата основи		понуден износ од 1433 евра за 3 жалители вкупно , изјавена УД во износ од 1003 Евра х3 = 3009.	**Постапката се водела пред ОС Струга и траела над 8 години иако бил неспорен односно одлучуванм во вонпроцесна постапка**. Предметот е одлучуван неколкукратно при што се донесени вкупно 11 судски одлуки, 5 првост., 5 второст., и 1 одлука по ревизија на ВСРМ. 1г и 4м временски јаз на непостапување на првост.суд, петкратното враќање на предметот.
11	**Стефановски и др**	Парнична постапка за поништување на договор за отуѓување на згради во државна сопственост против РМ од 1994-2006	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП		понуден износ од 3133 евра за 3 секој од жалителите, изјавена УД во износ од 2193 Евра за секој посебно.	**Постапката се водела пред ОС Тетово и траел над 12 години.** И овде проблемот е лоциран во неколкукратното постапување. Имено тој во 7 пати враќан на повторно одлучување. Постојат 8 одлуки на првост.суд, и 8 одлуки на второст.суд. Забележителни се значајни периоди за достава на одлуките до странките, за 1г, 5м, 11м.
12	**Мирјана Павлеска**	Парнична постапка за надомест на штета од 1988-2006	1 876 690 денари		понуден износ од 3900 евра , изјавена УД во износ од 2730 Евра.	**Постапката се водела пред ОССкопје 1 и траела цели 18г и 5м**. Оодлучувале сите три судски инстанци и биле донесени 5 одлуки. 65 одржани рочишта, одлагани заради вештачење, сослушување на сведоци и периоди на неактивност на судечкиот суд во просек по 1г во три наврати. Вештачењата се чекале во три наврати во просек по 1,5г.
13	**Ефремовски**	Управна постапка за одредување и определување на пензиска основица од 1997-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП		понуден износ од 4100 евра , изјавена УД во износ од 2870 Евра.	**Постапката се водела пред ПИОМ Скопје и Врховен суд на РМ и траела во целина над 10 години**.Притоа управни спорови пред ВСРМ се воделе во три наврати.Два пати ВСРМ постапувал без да донесе мериторна одлука. Со оглед дека се работи за егзистенцијално право постапката е потребно да биде итна.
14	**Голубовиќ и Војданоска**	Парнична постапка за утврдување на ништовност на договор за дож.издршка, оставина и право на сопственост од 1994-2007		50000 евра за секој поединечно	понуден износ од 4800 евра заедно за двајцата жалители, изјавена УД во износ од 3360 Евра за сите заедно	**Постапката се водела пред ОСОхрид и траела 14г и 6м. В**купно закажани 32 расправи. Постои неколкукратно одлучување при што се донесени 14 судски одлуки, 7првост. и 7 второстеп. Генерален проблем се доставата на судските одлуки, 1г и 11м, 11м и 1г и 8м. Седумкратното постапување по предметот.

15	**Христов Тодор**	Кривична постапка 1997-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	Понуден износ од 3.900 Евра. Изјавена УД во износ од 2730 евра	**Се водела пред ОС Струмица во траење од 10 години и 5 м** против четворица жалители која започнала во 1997 година. Основен проблем претстваува четирикратното постапување на Основниот суд, заради враќање на постапката од Апелација Штип на повторно одлучување. засебен проблем се и долгите траења на посебните постапки. Првото постапување траело 17 месеци и биле закажани 7 рочишта. Второто постапување траело 43 месеци, со одржани 24 рочишта, а била донесена делумна одлука. Во ова постапување имало застои од 19 месеци, а во предметот недостасуваат списите за 6 закажани рочишта.Третото постапување траело 6 месеци, а биле одржани 9 рочишта. Четвртото постапување кое што претставува повторување на постапката траело дополнителни 23 месеци а биле одржани 4 рочишта, но доставата на пресудите одзела дополнителни 11 месеци.
16	**Горгиев Славе**	Кривична постапка 1997-2007	нема изричито барање во жалбата доставена до ЕСЧП	Понуден износ од 3.900 Евра. Изјавена УД во износ од 2730 евра.	**Се водела пред ОС Струмица во траење од 10 години и 5 м** против четворица жалители која започнала во 1997 година. Основен проблем претстваува четирикратното постапување на Основниот суд, заради враќање на постапката од Апелација Штип на повторно одлучување. засебен проблем се и долгите траења на посебните постапки. Првото постапување траело 17 месеци и биле закажани 7 рочишта. Второто постапување траело 43 месеци, со одржани 24 рочишта, а била донесена делумна одлука. Во ова постапување имало застои од 19 месеци, а во предметот недостасуваат списите за 6 закажани рочишта.Третото постапување траело 6 месеци, а биле одржани 9 рочишта. Четвртото постапување кое што претставува повторување на постапката траело дополнителни 23 месеци а биле одржани 4 рочишта, но доставата на пресудите одзела дополнителни 11 месеци.
				38.218 Евра	**22 лица**

Преглед на доставени предмети од ЕСЧП во 20101 кои не се однесуваат на судење во разумен рок

АНЕКС 4

ред. бр.	*Назив на предметот*	*вид на засегната постапка*	*Основ од Конвенцијата*
1	**Арсовски**	парничен/вонп.	право на сопственост чл.1 пр.1.
2	**Вранишковски Галена и Аргил**	управен	6(1) фер судење и чл. 1 Протокол 1
3	**Санде Атанасов 2**	кривичен	правично судење- чл. 6 став 1
4	**Генчи и Јонуз**	кривичен	правично судење- чл. 6 став 1, став3(д)
5	**Алишиќ**	стари девизи	Протокол 1 член 1
6	**Здравевски**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
7	**Киро Талески**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
8	**Кулески**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
9	**Мирческа+Конеска**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
10	**Келтаноски+ 4 останати**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
11	**Попоски + 3 останати**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
12	**Ристески**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
13	**Недески**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
14	**Димитриоски**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
15	**Наумчев**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
16	**Петреска**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
17	**Пачешкоски**	парнични	член 6 став 1-невоедначена судска пракса
18	**Ел Масри**	кривична	член, 3 , 5, 8 и 13
19	**Бајалџиев**	парнична	член 6
20	**Селами+Деари**	кривична	член 2 и член 13